акција ЗДРУЖЕНСКА

# Кампања - Струмица

Датум: 11.03.2017, локација: плоштад кај Глобал, број на тим: 4

| Вкупен буџет/мкд | Буџет за прекројување/мкд | Буџетска ставка |
|---|---|---|
| 1.163.865.728 | 7.595.000 | 464990-Други трансфери |

Опфат на жени: 50

Од вкупно 32 предложени приоритети за финансирање 31 се надлежности и 1 е надвор од надлежност на општина.

**Сумарни резултати**

Во Струмица, неочекувано беа дадени најмал број предлози и покрај големата фреквенција на жени, заради големиот број на оние кои одбиваа да дадат предлози.

Предлозите на жените кои сепак беа подготвени за комуникација беа најбројни во обласа на **социјалната заштита** (16). Најголемиот дел од нив (6) се однесуваа на потребата од изградба на дом за стари и изнемоштени, со оглед на се поголемиот број стари лица кои остануваат сами заради иселувањето. Останатите се однесуваа на парична помош за маргинализирани групи граѓани (невработени, самохрани мајки, жени жртви на насилство, социјални случаи и сл.)

Во сферата на **економските можности** , предлозите (7) се однесуваат на мерки за вработување и воведување програми за економско зајакнување на жените

Селските канализации, улиците, осветлувањето и градските тоалети се предлозите кои се дадени во сферата на **комуналните дејности (5)**.

Струмичанки дадоа три предлози во сферата на **образованието** поврзани со унапредување на образовниот процес, воведување целодневна настава/дневен престој и отворање графички смер .

Карактеристично е речиси комплетното отсуство (освен 1) на предлози кои се надвор од надлежноститете на ЕЛС .